ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ„ СКУДРИЊЕ
„BLAJE KONESKİ“ İLK OKULU SKUDRİNYE
SHKOLLA FILLORE „BLAZE KONESKI“ SKUDRINJE
„BLAZE KONESKI“ PRIMARY SCHOOL SKUDRINJE

# У Ч И Л И Ш Е Н   В Е С Н И К

# М Л А Д О С Т



**Бр. 6**

*Бесплатен примерок*   **Јуни 2025 год.**

**Почитувани,**

Со издавањето на шестиот број на нашиот училишен весник „МЛАДОСТ“ сакаме да ја доловиме работата во нашето училиште како современа воспитно-образовна установа - отворена кон потребите на учениците, наставниците,родителите и локалната заедница, препознатлива по високите училишни достигнувања и подготвеност за континуиран развој со силна заложба и посветеност да придонесуваме во реализацијата на нашата мисија и визија.

Во тековнава учебна 2024/2025 година работевме напорно во реализација на барањата и потребите на учениците, наставниците и родителите во реализација на Годишната програма за работа.

Реализацијата на наставниот процес се реализираше успешно од нашите наставници со искрена подршка од општина Маврово и Ростуше и Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Денес ние остануваме доследно посветени во реализацијата на нашата мисија и визија да реализираме современа настава во добри просторни и материјални услови за што подобри резултати на учениците на патот кон подобра иднина.

Во овој момент додека го читате нашиот и ваш училишен весник Ви посакувам добро здравје, среќа, радост, а со тоа и Вашиот живот биде исполнет со убави моменти, и секој ден негова нова страница со исполнета желба.

Да се чуваме од секое зло, зрачете со позитивна енергија и секогаш подарувајте убав збор, збор полн со топлина и љубов.

Мислете позитивно и споделувајте убави работи во животот, а ние да усвојуваме нови знаења и да ја реализираме нашата мисија и визија.

Ви благодарам.

## Мисија

Реализација на современи програми за задоволување на потребите на учениците и поттикнување на доживотно учење

## Визија

ООУ„Блаже Конески„-Скудриње-училиште со современа, ефикасна и квалитетна настава, прилагодена на потребите и интересите на учениците во една безбедна и дисциплинирана средина

**МОТО: КВАЛИТЕТНО ЗНАЕЊЕ ПАТОКАЗ ЗА ИДНИНАТА**

# ДИРЕКТОР

**ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО**



## БЕШИР РАМАДАНИ



Бешир Рамадани

Роден во с. Скудриње Своето основно образование го завршив во родното село. Средно образование завршив во Средното музичко училиште во Штип . Дипломирав на Факултетот за музичка уметност – отсек музичка теорија и педагогија при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј’’ во Скопје.

Како прв човек кој носи одлуки во една воспитно-образовна инстутуција не е ни најмалку едноставна работа , таа носи многу одговорност , бара посветенос, трудољубивост, упорност и време.

Соработката со вработените бара добро менаџирање за успешно релизирање на работните задачи ,одговорно и посветено за што зборуваат нашите резултати.

Со несебично залагање на вработените, училишниот одбор и советот на родители го издигнуваме нашето училиште на рамниште со успешните и современи училишта во нашата држава.

Тоа не мотивира да продолќиме понатака во реализација на нашата цел:

**ЕДУКАЦИЈАТА НЕ СЕ ГРАДИ, СЕ ГРАДАТ И РАЗВИВААТ ЛУЃЕТО ШТО ЈА ВОДАТ ЕДУКАЦИЈАТА**

## ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

Основното училиштето ,,Блаже Конески“-- Скудриње, Маврово и Ростуше е верифицирано со Решение бр. 1014/65 од 1.09.1996 година од Министерството за образование и наука . Во училиштето се организира и изведува настава за ученици од I до IX одделение. Училиштето е лоцирано во с.Скудриње со подрачни училишта во Присојница и Аџиевци, email:blazekoneskiskud@gmail.com, facebook страна: OU Blaze Koneski Skudrinje. Во поглед на внатрешна опременост, треба да се спомене дека во училиштето постојат 8 училници кои ги задоволуваат стандардите. Училниците се опремени со соодветни нагледни средста за кабинетска настава по физика, хемија, биологија, математика, Историја, Географија, Физичко и здрствено образование со Смарт-телевизори, Бели табли, смарт табли, андроид табли, кабинети со персонален компјутери за користење на информатичката технологија во наставата,а до сите училници е достапен интернет што го обезбедува училиштето а учениците можат да спортуваат на убаво опремено и оградено спортско игралиште. Во учебната 2024/2025 година беа опфатени вкупно 118 ученика во редовната настава распоредени во 13 чисти и 3 комбинирани паралелки

**ГОЛЕМА ЧЕСТ И ЗАДОВОЛСТВО МИ БЕШЕ ШТО ПОЗИТИВНО ОДГОВОРИВ НА БАРАЊАТА ИЗНЕСЕНИ ВО ГОДИШНАТА АНКЕТА ОД УЧЕНИЦИТЕ И НАСТАВНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

1. ЈАСНО ПОСТАВЕНИ ПРИОРИТЕТИ ПРЕДЛОЖЕНИ ВО АНКЕТИТЕ
2. АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
3. СОРАБОТКА СО НАСТАВНИЦИТЕ, УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ
4. КООРДИНАЦИЈА СО СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ, НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ И УЧИЛИШЕН ОДБОР
5. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МЕДАТ КУРТОВСКИ
6. ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ВО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА, РЕГИОНОТ, ДРЖАВАТА И СТРАНСТВО.

**Во функција на афирмација на училиштето, во однос на културната и јавната сфера, одбележувањето на празниците и манифестации.**

Свечен почеток на учебната 2024/2025 година. Многу здравје, радост, игра, дружење и желба за успех. Среќен почеток на Првооделенците и честитки на родителите.




Голема чест и задоволство ни направи посетата на нашето училиште и нашите ученици од амбасадорот на Р. Туркије **г-дин Fatih Ulusoy**, на која се разговараше за добрата соработка на образовен и културен план, меѓусебно разбирање и почит, како и поттик на учениците во изучувањето на турскиот јазик и култура преку посети во Р.Туркије






## Создаваме подобри услови за работа и престој во училиштето

**Поставени нови содржини во еко паркот, засадени хризантеми, рози и туја смарагд.**











- ***РЕНОВИРАЊЕ НА КЛУПИТЕ***
- ***ПО РЕНОВИРАЊЕ НА КЛУПИТЕ***





⇒ ***НАСТАВНИЧКА КАНЦЕЛАРИЈА***







- ***САНИРАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ХОДНИК ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА КУЛТУРНО УМЕТНИЧКА ПРОГРАМА ПРЕКУ СОЗДАВАЊЕ ПОШИРОК ПРОСТОР СО УРЕДУВАЊЕ НА ХОДНИКОТ СО ПРЕУРЕДУВАЊЕ – ОСТРАНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПОРАНЕШНАТА БИБЛИОТЕКА, НОВА ГЛЕТУВАНА МАЛТЕРИЈА, НОВО СВЕТЛО, НОВА БОЈА, УРЕДУВАЊЕ НА ПАНОТО НА УЧИЛИШТЕТО***



***СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ СКУДРИЊЕ ЈУНИ 2025 ГОДИНА***







**ПРЕД**



**ПОТОА**









**ЕКО ПАРК ПРЕД**

**ЕКО ПАРК ПОТОА**

- ***РЕНОВИРАЊЕ НА ПУ—ПРИСОЈНИЦА***




- ***РЕНОВИРАЊЕ НА ПУ—АЏИЕВЦИ***



## ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА УЧИЛИШТЕТО 19 ДЕКЕМВРИ 2024








Со културно уметничка програма обележан Патрониот празник на училиштето. На присутните гости и пријатели ги поздрави директорот Бешир Рамадани. За ликот на Конески зборуваше професорката Марија Цветкоска. Наградени наставници Семир Абдули, Урфетка Муратоска, Емсел Шабани.



# НОВОГОДИШНА СРЕДБА


ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
„БЛАЖЕ КОНЕСКИ" СКУДРИЊЕ
МАВРОВО И РОСТУШЕ
ВЕ ПОКАНУВА НА:

НОВОГОДИШНА СРЕДБА

ПО ПОВОД ПРИСТИГНУВАЊЕ НА НАШИТЕ РОДНИНИ , ПРИЈАТЕЛИ, ДРУГАРИ, КОМШИИ ОД ЗАПАДНО ЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ ВО РОДНИОТ КРАЈ,
УЧЕНИЦИТЕ ОД НАШЕВО УЧИЛИШТЕ ОРГАНИЗИРААТ ПРЕСТАВА НА ДЕН 30.12.2024 ГОДИНА (ПОНЕДЕЛНИК) ВО 14 ЧАСОТ

ОД ИМЕТО НА УЧЕНИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТ ВЕ ПОКАНУВАМЕ ДА ГИ ПРОСЛЕДИТЕ НАШИТЕ АКТИВНОСТИ И АКТИВНОСТИТЕ ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ.
ВЕ ОЧЕКУВАМЕ НА ЗАЕДНИЧКА ДРУЖБА НА ДЕН 30.12.2024 ГОДИНА (ПОНЕДЕЛНИК ) ВО 14 ЧАСОТ

ВЕ ПОКАНУВА
УЧИЛИШНИОТ ПАРЛАМЕНТ
ПРИ ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" СКУДРИЊЕ







# ПРОСЛАВА НА ДЕНОТ НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ









## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**WEB СТРАНА: https://oou-blazekoneskiskudrinje.edu.mk/blazekoneski/**







**СОЦИЈАЛНА МРЕЖА FACEBOOK**

**БРОШУРА НА УЧИЛИШТЕТО**







**YOUTUBE канал Блаже Конески – Скудриње каде се презентираат видео материјали од работата на училиштето: фолклор, оркестар**

ООУ „Блаже Конески“

О.У. БЛАЖЕ КОНЕСКИ
1996
СКУДРИЊЕ

ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД

ЕКОЛОШКИ ЧАС И АКЦИЈА


























## ФОЛКЛОРНАТА ГРУПА ПРИ НАШЕТО УЧИЛИШТЕ, НАШ АМБАСАДОР ВО ЗЕМЈАВА И СТРАНСТВО

**ФОЛКЛОРНАТА ГРУПА „ СКУДРИЊЕ“ СО СВОИТЕ АКТИВНОСТИ И НАСТАПИ Е ВИСТИНСКИ ПРОМОТОР И АМБАСАДОР НА КУЛТУРАТА, ОБИЧАИТЕ И ТРАДИЦИЈАТА НА СКУДРИЊЕ И ДОЛНОРЕКАНСКИОТ КРАЈ ШТО Е ПОКАЗАТЕЛ ЗА МНОГУБРОЈНИ НАСТАПИ ВО ЗЕМЈАВА И СТРАНСТВО КАКО И ПОКАНИ ЗА СЛЕДНИ НАСТАПИ .**

На покана на Турската Радио Телевизија на Фолклорната група на ООУ ,,Блаже Конески“ Скудриње, Маврово и Ростуше присуствуше на фестивалот 23-Април во Анкара Република Туркије.

**ГОЛЕМА ЧЕСТ И ЗАДОВОЛСТВО НИ БЕШЕ ДА УЧЕСТВУВАМЕ НА ФЕСТИВАЛОТ И ДА ПРЕСТАВУВАМЕ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА 47-ОТ ДЕТСКИ ФЕСТИВАЛ ПОД ПОКРОВИТЕЛСТВО НА ТРТ**

ПАТУВАЊЕТО ЗАПОЧНА НА ДЕН 17.03.2025 ГОДИНА СО ТУРИСТИЧКИ АВТОБУС НА КОМПАНИЈАТА БАЛКАН ТУРС – РОСТУШЕ ВО 10.ЧАСОТ
ПАТУВАЊЕТО БЕШЕ ПРИЈАТНО СО НЕКОЛКРАТНИ ЗАСТАНУВАЊА ВО МАКЕДОНИЈА, БУГАРИЈА И ТУРКИЈЕ.
ВО ХОТЕЛОТ ПРИСТИГНАВМЕ НА 18.03.2025 ГОДИНА КАДЕ БЕВМЕ СМЕСТЕНИ .

**19.03.2025 САБОТА**

- ⇒ **ПОСЕТА НА ГРОБОТ НА КЕМАЛ АТАТУРК – АНТИКАБИР**
- ⇒ **ПОСЕТА НА ТРТ**






## ФОЛКЛОРНАТА ГРУПА ПРИ НАШЕТО УЧИЛИШТЕ, НАШ АМБАСАДОР ВО ЗЕМЈАВА И СТРАНСТВО

**<u>20.03.2025 НЕДЕЛА</u>**

ДЕФИЛЕ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК

НАСТАП ВО ГРАДСКИОТ ПАРК СО ФОЛКЛОРНА ТОЧКА

МАКЕДОНИЈА, ПРЕКУ "ФОЛКЛОРНАТА ГРУПА - СКУДРИЊЕ" - МАВРОВО И РОСТУШЕ... ИМАШЕ ЧЕСТ ДА НАСТАПИ НА ПРВИОТ ДЕЛ ОД ДЕТСКИОТ ФЕСТИВАЛ "23-ти АПРИЛ" АНКАРА, Р.ТУРКИЈЕ










⇒ **ПОСЕТА НА ПАРЛАМЕНТОТ НА Р.ТУРКИЈЕ**

⇒ **ПОСЕТА НА ВАЛИЈАТА НА АНКАРА**

⇒ **ЛАДНА ПРОБА ВО ПРЕТСЕДАТЕЛСКАТА ПАЛАТА**









## ФОЛКЛОРНАТА ГРУПА ПРИ НАШЕТО УЧИЛИШТЕ, НАШ АМБАСАДОР ВО ЗЕМЈАВА И СТРАНСТВО

**<u>22.03.2025 ГОДИНА ВТОРНИК</u>**
**Фолклорна група СКУДРИЊЕ**
**47 Фестивал на детето - Анкара 2025**
**Генерална проба**
**ПРОШЕТКА ВО ТРГОВСКИ ЦЕНТАР**





**<u>23.03.2025 СРЕДА</u>**
ГОЛЕМА ЧЕСТ НИ БЕШЕ СО ФОЛКЛОРНАТА ГРУПА „СКУДРИЊЕ“ ДА ЈА ПРЕСТАВУВАМЕ МАКЕДОНИЈА, МАВРОВО И РОСТУШЕ НА 47-ОТ ДЕТСКИ ФЕСТИВАЛ ВО АНКАРА Р.ТУРКИЈЕ НА ГАЛА ВЕЧЕРТА НА КОЈА ПРИСУСТВУВАШЕ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА Р.ТУРКИЈЕ РЕЏЕП ТАИП ЕРДОГАН









**<u>24.03.2025 ЧЕТВРТОК</u>**
ПОАЃАЊЕ ОД ХОТЕЛОТ ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОПАТНО ЗАСТАНАВМЕ ВО ЕДРЕНЕ И ЈА ПОСЕТИВМЕ ЏАМИЈАТА СУЛТАНИЈА
ВО МАКЕДОНИЈА СТИГНАВМЕ НА 25.03.2025 ГОДИНА



**ФОЛКЛОРНАТА ГРУПА ПРИ НАШЕТО УЧИЛИШТЕ, НАШ АМБАСАДОР ВО ЗЕМЈАВА И СТРАНСТВО ЗАЕДНО СО НАШИТЕ ПРИЈАТЕЛИ ОД СРБИЈА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, СЛОВЕНИЈА, ВЕНЕЦУЕЛА, АЛБАНИЈА, КОСОВО, БЕЛИКА БРИТАНИЈА, КИРГИСТАН,**





TRT 47th INTERNATIONAL

APRIL 23

CHILDREN'S FESTIVAL

I would like to thank you for your participation in TRT's 47th International Children's Festival (19 – 23 April, 2025) and wish you all the happiness and success in the future.

BEŞIR RAMADANI

FOLKLOR EKIBI „BLAJE KONESKI" ILK OKULU SKUDINYE

Prof. Mehmet Zahid SOBACI
TRT, Director General










**ФОЛКЛОРНАТА ГРУПА ПРИ НАШЕТО УЧИЛИШТЕ, НАШ АМБАСАДОР ВО ЗЕМЈАВА И СТРАНСТВО ЗАЕДНО СО НАШИТЕ ПРИЈАТЕЛИ ОД СРБИЈА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, СЛОВЕНИЈА, ВЕНЕЦУЕЛА, АЛБАНИЈА, КОСОВО, ВЕЛИКА БРИТАНИЈА, КИРГИСТАН и др.**













## СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

**БЛАГОДАРНОСТ ЗА СОРАБОТКАТА НА УЧИЛИШТЕТО СО НЕВЛАДИНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА LatzCare ОД ЛУКСЕМБУРГ И ГОСПОДИНОТ САФЕТ АЛИЛИ ЗА НЕСЕБИЧНАТА ПОДРШКА И ДОНАЦИЈА НА КОМПЈУТЕРСКА ОПРЕМА ВО СКУДРИЊЕ, ПРИСОЈНИЦА И АЏИЕВЦИ.**








**Посета на проф.Александар Конески на нашето училиште, претседател на фондацијата „Небрегово “**




**Благодарност до Амбасадата на Република Туркије, MAARIF, институцијата YUNUS EMRE, MATUSITEB - Скудриње и наставнокот Салмедин Елези за реализација на донацијата на дополнителна литература за успешно реализирање на наставата по Јазик и културата на Турците**




## СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

### НАЦИОНАЛЕН ПАРК—ГАЛИЧИЦА

Со цел зајакнување на еколошката свест и едукација на младите генерации, НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК ГАЛИЧИЦА продолжува со промоција на нашата едукативна програма. Преку оваа програма, наставниците имаа можност да ги инспирираат учениците да ја засакаат природата и активно да се вклучат во нејзината заштита.







### НАЦИОНАЛЕН ПАРК—МАВРОВО

**ООУ„Блаже Конески“ Скудриње во соработка со Национален парк „Маврово“ со учениците од VI - IX одделение реализира акција за пошумување со багремови садници**















## Театарска престава „Плашливиот лав“






## Го унапредуваме и осовременуваме образовниот процес со поставување на четири интерактивни смарт и андроид табли и 20 лап топ компјутери за нашите наставници








## НА ПАТОТ КОН УСПЕХОТ—НАТПРЕВАРИ

**На Новогодишниот математички натпревар на државно ниво, во категоријата од прво до трето одделение, во организација на Сојузот на математичари на Македонија (СММ), Наш ученик при О.О.У Блаже Конески - Скудриње го претстави нашето училиште во најдобро светло и се закити со следната награда:Мелих Максути 3 одделение - Второ место.Ментор: Семир Абдули**







**Нашето училиште објавува дека учествуваше на Меѓународниот натпревар по Англиски јазик организиран од TED speaker Solomon и Oxford со седиште во Лондон, со ученикот Рејхан Елези од V Одделение, под менторство наставничката Алмедина Абдули.Учеството на овој престижен натпревар претставува значаен успех и поттик за унапредување на јазичните вештини и меѓународната соработка.**












**НАШИ УЧЕНИЦИ ГО ПРЕСТАВУВАА НАШЕТО УЧИЛИШТЕ НА ДРЖАВНИТЕ НАТПРЕВАР И ПО ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК И ГЕОГРАФИЈА. БЛАГОДАРНОСТ И ГОЛЕМ УСПЕХ НАРЕДНАТА УЧЕБНА ГОДИНА.**

**Во текот на учебната 2024/2025 година, во нашето училиште беа реализирани сите три нивоа на натпревар по италијански јазик и географија – општински, регионален и државен.**



# Училишен спортски клуб (УСК) „Костен“ - Скудриње

И оваа година во Гостивар се одржа меѓуопштински натпревар во фудбал во организација на Сојуз на училишен спорт Гостивар  се одиграа меѓуопштински натпревари за основни училишта по футсал.





Ученик на генерација 2024/2025 година со одлука на наставнички совет избрана е ученичката **АЛЕЈНА МУСЛИУ** која доби најмногу поени на конкурсот за оваа учебна година. Нејзините карактеристики се одлична ученичка, добар другар, организатор, креативен ученик со позитивна енергија и дисциплина.




**Учениците од 5 оделение на прviот ден од приемот на новата СМАРТ ТАБЛА. Заедно праќаме порака до сите ученици од нашето училиште со среќа да ја злужат новата табла и да внимаваат на неа.Се надеваме дека добро ќе  ја чуваме и вредно ќе работиме.**





# Литературно Катче

**Летен распуст**
Сите сме весели и среќни.
Насекаде смеата блика.
Езерото, планината, морето
на нас децата не вика.

Топлото сонце грее.
Плажите преполни со деца.
Планините со разнобојни цветови
а, може да се види и некоја меца.

Природните убавини се како во рај
Секој негде ќе се вивне.
Училишното ѕвонче штом заѕвони
Ќе го означи летниот крај.

***Ајрија Билали*** Ученик од IV одд.

### *Тажна Македонија*

Зошто си тажна, Македонијо?
Зар нема кој да те развесели?
Ти не биди никако со наведната глава,
иако непријателот ги оспорува твоите права,
ти спокојна биди, ќе дојде и нашата слава.

Притиснати еден до друг заминуваат
далеку од мила мајка Македонија.
Прости им, тие се млади, ништо не знаат
што значи туѓ леб да јадеш,
во туѓина од тага гладен да останеш.

Ти насмеј се, мила татковино,
наследена и одбранета од наши стари –
зар ним не им требале пари?
Но тие крвта за тебе ја дадоа,
но никако на душманот не те предадоа!

Слушнете, вие млади!
Да заборавиме богатство и пари,
да почнеме да ја градиме и сакаме
бидејќи без корен дрвото се суши, цвеќето вене...

Како каменот на местото што тежи,
така срцето во градиве
мирно си лежи
за нашата мила Македонија.

Рака за рака,
без никаква мака,
да останеме сплотени до крај,
сè до ветениот рај. (Хадиса Алију)

**Кочани – 13 март 2025**

Беше ден како сите други,
кутри деца беа отидени
забава да прават
и денот да го слават.

Но, за жал, тој проклет оган
душата им ја изгоре,
соништата им ги скрати,
млади в гроб ги прати.

А нам во Македонија
душата ни гори од жал за нив,
тие беа нашата иднина, нашата среќа,
а сега станаа нашата болка.

Нема човек кој не ги жали,
од хуманост и човечност солза да не срони,
за тие дечиња млади
посебна куќа во рај да се гради.

Татковци, мајки, деца,
ги оставија во солзи и тага,
а нам, на младите, ни оставија
искуство дека човекот
утрешниот ден може да го смени и сруши,
а грешките наши ќе ги платиме со човечки
души.
Бидете добри и чувајте се сите,
сакајте се и бидете сакани секогаш.
(Хадиса Алију)






## НАГЛЕДНИ СРЕДВА И МАТЕРИЈАЛИ ЗА РАБОТА









**Добра лекција...**

Кога птицата е жива....Таа јаде мравки.
Кога птицата е мртва ...Мравките ја јадат птицата.
Времето и Условите се менуваат...
Не потценувајте или повредувајте никој во животот.
Може сте силни денес..Но,запомнете,
Времето е посилно од вас!!!
Едно дрво дава милион чкорчиња,
Но кога ќе дојде време...
Само едно чкорче е потребно да запали милион дрва..
Затоа бидете добри и правете добро...

# ГЕНЕРАЦИИ ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ СКУДРИЊЕ










